Врз основа на Законот за трговски друштва (Сл.весник на РМ бр.28/04..239/18), и Одлуката за преобразба на друштвото од АД во ДООЕЛ бр. ---------------------, Одборот на Директори на друштвото Агроплод ДООЕЛ Ресен го донесе следниот:

***ПРЕДЛОГ ТЕКСТ***

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА

# ИЗЈАВА ЗА ОСНОВАЊЕ

## НА АГРОПЛОД ДООЕЛ РЕСЕН

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваaИзјава за основање на ДООЕЛ друштво за производство, преработка и промет, Агроплод ДООЕЛ Ресен со П.О., во согласност со позитивните законски прописи се уредуваат:

- Правната положба на ДООЕЛ друштво
- Фирмата и седиштето на ДООЕЛ друштво
- Предмет на работење (дејност) на ДООЕЛ друштво
- Износ на основната главнина
- Номиналната вредност на уделите, бројот на уделот од секој род и класа,правата,обврските, ограничувањата и погодностите
- Времетраењето на друштвото
- Постапката за свикување и одржување на Собир на содружници
- Видот, составот и начинот на изборот на органот на управување и неговата надлежност
- Формата и начинот на објавувањата што ги врши друштвото
- Престанок на друштвото
- Деловна тајна и други прашања што се во важност и значење за работата на ДООЕЛ друштво.
-

## II ПРАВНА ПОЛОЖБА Н А ДООЕЛ ДРУШТВО

**Член 2**

ДООЕЛ друштво Агроплод Ресен е правно лице, кое самостојно и трајно врши дејности, стекнува стварни права, склучува договори, превзема обврски и учествува во правниот промет.

**Член 3**

ДООЕЛ друштво во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка.

ДООЕЛ друштво за обврските створени во правниот промет одговара со целокупниот свој имот.

Содружникот не одговараа за обврските на друштвото, освен во случаите изрично определени со Законот за трговски друштва.

## III ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 4**

Фирмата на ДООЕЛ друштво е името (називот) под кое што ДООЕЛ друштво работи и под кое што учествува во правниот промет.

Целосниот назив на фирмата на ДООЕЛ друштво гласи:

Агроплод ДООЕЛ Ресен

Седиштето на ДООЕЛ друштво е во Ресен на улица 29-ти Ноември бр.6.

**Член 5**

Друштво може да изврши промена на фирмата и седиштето.

Одлуката за промена на фирмата и седиштето на ДООЕЛ друштво ги донесува Собир на содружникот на ДООЕЛ друштвото.

Промена на фирмата на седиштето на ДООЕЛ друштво се запишува во трговскиот регистар.

**Член 6**

Друштвото има заштитен знак.

Формата и содржината на заштитниот знак и неговата употреба ги определува Собир на содружницикот на ДООЕЛ друштво врз основа на предходно избрано идејно решение.

Фирмата на друштвото може да содржи додатоци што служат за поблиско обележување на ДООЕЛ друштвото.

Фирмата на ДООЕЛ друштво може да се употребува и како трговска марка, на начин и под услови определени со закон.

На меморандумот на ДООЕЛ друштво, на визит картите, на рекламниот материјал и други средства за коресподенција, може да се употребува фирмата на друштвото кирилско и со латинично писмо.

## IV ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ( ДЕЈНОСТИ )

**Член 7**

ДООЕЛ друштво може како предмет на работење (дејности) да ги врши сите дејности што не се забранети со закон, а кои се утврдени со националната класификација на дејностите.

Општа клаузула за бизнис.

**Член 8**

За промени во дејноста на работење на ДООЕЛ друштво, проширување на предметот на работење на ДООЕЛ, одлука донесува Одборот на директори.

**Член 9**

ДООЕЛ друштво може да врши и:

-Основање на организациони единици, подружници и други трговски друштва, продажба на сопствено учество во други домашни и странски трговски друштва

- Стекнување, управување и продажба на обврзници
- Стекнување, оценка и продажба на патенти, отстапување на лиценци за искористување на патенти на друштвата во кои учествува
- Финансирање на друштвата во кои учествува

## V ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДООЕЛ ДРУШТВО

**Член 10**

Внатрешната организација на ДООЕЛ друштво се уредува со Правилник за внатрешна систематизација и организација.

Правилникот за внатрешна систематизација и организација со одлука го донесува Одборот на директори.

## VI ОСНОВНА ГЛАВНИНА – номинална вредност на уделите, број на удел, зголемување и намалување на основната главнина

**Член 11**

Основната главнина на ДООЕЛ друштво гласи на износ од 5.825.600евра во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ при што вкупниот број на удели изнесува 26 480 удели со номинална вредност на еден удел од 220 евра за еден удел.

Влогот дава право на удели гласи на име.Уделот на сопственикот им дава:

- Право на глас на седница на Собир на содружниците на ДООЕЛ друштво
- Право на исплата на дел од добивката(дивиденда) од работењето на друштвото, што зависи од остварената добивка
- Право на исплата на дел од ликвидационата или стечајна маса на ДООЕЛ друштво
- Во случај на стечај на ДООЕЛ друштво, даваат право на исплата на сразмерен дел при делбата на ликвидационата или стечајна маса.

## VII УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ДООЕЛ ДРУШТВО

**Член 12**

Органи на управување и раководење на ДООЕЛ друштвосе:

- Собир на содружници на ДООЕЛ друштво
- Одбор на директори на ДООЕЛ друштво

**Член 13**

Собир на содружниците на ДООЕЛ друштво ги врши следните работи:

- Измена на Изјава за основање
- Одобрување на годишната сметка , на финансиските извештаи и на годишните извештаи за работата на друштвото во предходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката
- Избор и отповикување на членовите на Одборот на директори
- Одобрување на работата и на водењето на работењето со ДООЕЛ друштво на членовите на Одборот на директори
- Промена на правата врзани за одделни родови и класи удел
- Зголемување и намалување на основната главнина
- Издавање на удел и други хартии од вредност
- Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако ДООЕЛ друштво има обврска да ги подготвува
- Преобразба на ДООЕЛ друштво во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото
- Престанување на ДООЕЛ друштво.

**Член 14**

Собир на содружниците на ДООЕЛ друштво се свикува во случаите одредени со закон и со овој Изјава за основање, како и кога тоа го бара интересот на друштвото.

**Член 15**

Собир на содружниците на ДООЕЛ друштво го свикува Одборот на директори.

Доколку Извршните членови на Одборот на директори не го свикаат Собир на содружниците на ДООЕЛ друштво навреме, тоа можат да го сторат неизвршните членови на

Одборот на директори со мнозинство гласови од своите членови по своја иницијатива или по барање на акционер.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

**Член 16**

Состав на Одборот, права обврски согласно чл. 342-373-а од ЗТД.

Одборот на директорот брои 5 члена, кои ги избира Собир на содружникот (единствениот содружник) со мнозинство гласови од кворумот за работа на Собир на содружницито.

Одборот на директори се состои од 3 неизвршни членови и 2 извршни членови.

За неизвршен член на Одборот на директори може да биде избрано и правно лице кое назначува и постојан застапник.

Собир на содружницито ги избира членовите на Одборот на директори.

При изборот на членови на Одборот на директори се назначува кој член се избира како независен член на Одборот на директори.

Независниот член на одборот на директори се избира од редот на неизвршните членови на Одборот на директори.

Одборот на директори од редот на избраните членови на Одборот на директори, со мнозинство на гласови од вкупниот број членови избира Претседател на одборот на директори.

Претседателот на Одборот на директори може да биде разрешен во кое било време и да биде избран нов Претседател.

**Член 17**

Извршните членови на Одборот на директори се избираат со мнозинство гласови од Одборот на директори.

Еден од извршните директори може да го носи називот Генерален директор.

Членовите на Одборот на директори од редот на извршните директори определуваат кој директор е посебно одговорен за прашањата на вработените и односите со нив.

Мандатот на членовите на Одборот на директори трае 4 (четири) години.

**Член 18**

На неизвршните членови на Одборот на директори за нивната работа им се одобрува надомест на сите трошоци за учество во работата на седниците.

На неизвршните членови на Одборот на директори за нивната работа им се одобрува дневница за учество во работата на Одборот на директори во месечен паушален износ кој го утврдува Одборот на директорите по предлог на Претседателот на Одборот, а Собир на содружницито ја донесува одлуката.

**Член 19**

Ако еден член од Одборот на директори е спречен во вршењето на функцијата член на Одборот на директори или тој член престане да ја врши оваа функција во текот на својот мандат, другитечленови на Одборот на директори продолжуваат со работата до изборот на нов член на Одборот на директори.

**Член 20**

Одборот на директори има најшироки овластувања за дејствување на сите околности во име на ДООЕЛ друштво.

Одборот на директори ги има сите овластувања, освем оние кои се во надлежност на Собир на содружницито на ДООЕЛ друштво.

Собир на содружницито на ДООЕЛ друштво со свои одлуки може да гп овласти Одборот на директори да дел од неговите овластувања и надлежност ги префрли на Одборот на директори.

**Член 21**

Одборот на директори во рамките на овластувањата определени со Закон и овој Изјава за основање и овластувањата што изречно му се доделени од Собир на содружницито управува со друштвото.

Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се доделени на неизвршните членови на Одборот на директори.

Одборот на директори во рамките на овластувањата ги врши следниве работи:

- Ја утврдува и води деловната политика;
- Ги донесува актите на деловната политика;
- Ги донесува плановите и програмите на друштвото и дава насоки за нивно спроведување;
- Ги донесува општите акти;
- На предлог на Генералниот директор (извршните директори) ја утврдува внатрешната организација на друштвото и го утврдува бројот на лицата потребни за вршење на дејноста во нив, како и нивните квалификации и други услови;
- Донесува одлуки за склучување на договори за инвестициони вложувања, за стекнување и отуѓување на недвижност и слични одлуки кои не се во нДООЕЛлежност на Собир на содружницито на Генералниот извршен директор и на другите извршни директори;
- Донесува одлуки за склучување на договори за лиценци долгорочна кооперација, франшизинг и слично;
- Донесува одлуки за вложувања чија вредност е проценета до 50% од основната главина на друштвото;
- Ги утврдува условите и одлучува за давање на парични позајмици и финансирање на услуги во износ кој неможе да надмине 50% од основната главина на друштвото;
- Утврдува потреба за прием на работници во работен однос и врши избор на работници;
- Одлучува за економски, технолошки и организационен вишок на работниците;
- Одлучува за основање и затворање или пренос на друштвото или на негов дел што учествува до 50% основната главина на друштвото;
- Одлучува за отпис на побарувањата кои вкупно во текот на деловната година не може да бидат поголеми од 1/20од основната главина на друштвото;
- Одлучува во приговорот на работниците како втор степен за правата,обврските и одговорностите на работниците од работниот однос;
- Одлучува закупување и отуѓување на недвижност и трајни и обртни средства на друштвото ако нивната вредност не е поголема од 1/20 од основната главина
- Одлучува за долгорочна кооперација со други друштва или за нејзино престанување;
- Го усвојува извештајот за попис на основните средства;
- Одлучува за давање на прокура и
- Одлучува и по други прашања и врши и други работи утврдени со законот и овој Изјава за основање.

За прашањата од својата надлежност Одборот на директори донесува акти во вид на одлуки, правилници,деловници, упатства, наредби и заклучоци.

**Член 22**

Одборот на директори може и полноважно да одлучува ако на седницата на Одборот на директори се присутни најмалку половина од сите членови на Одборот на директори.

Одлуките на Одборот на директори се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Одборот на директори.

Во случај на поделба на гласовите, гласот на Претседателот на Одборот на директори е одлучувачки.

**Член 23**

Членовите на одборот на директори можат да учествуваат и одлучуваат на состанок со користење на конференциска телефонска врска или аудио-визуелни комуникациски средства така што сите членови можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат.
Записникот го потпишуваат сите членови, а потписот може да биде даден по факс или по електронска пошта.

**Член 24**

Одборот на директори, ако сите членови дадат согласност може да одлучува и без одржување на состанок.

Давањето согласност - консензус,ако сите членови дадат согласност може да биде со своерачен потпис испратен по факс или по електронски пат на предлог одлуката.

**Член 25**

Одборот на директори може од редот на своите членови да формира една или повеќе комисии кои не можат да одлучуваат за прашања во надлежност на Одборот на директори.

**Член 26**

Членовите на Одборот на директори мораат да ги вршат своите работи со внимание на уреден и совесен трговец и да ја чуваат деловната тајна.

Членовите на Одборот на директори кои ќе извршат повреда на своите обврски во однос на ДООЕЛ друштво му одговараат на ДООЕЛ друштво за причинетата штета како солидарни должници.

Во случај на спор членовите на Одборот на директори мораат да докажат дека постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

Членовите на Одборот на директори не се сметаат за одговорни за штетата ако работеле врз основа на одлука на Собир на содружниците на ДООЕЛ друштво која ја усвоиле и покрај тоа што му укажале дека е спротивна на закон, односно се противеле на донесувањето на одлуката, а своето мислење го издвоиле на записник и гласале против одлуката.

**Член 27**

Со исклучок на овластувањата за кои што со закон изречно е определено дека ќе ги врши Одборот на директори, Извршните членови го водат работењето на друштвото и имаат најшироки овластувања да ги вршат сите работи цврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на одборот на директори и вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствиваат во сите околности од името на друштвото на начин утврден во овој Изјава за основање.

Во рамките на правата Генералниот – извршните директори ги извршуваат следните работи:

- Го води работењето на извршните директори;
- Ја предлага внатрешната организација на друштвото;
- Го утврдува начинот на кој што се води координација на водењето на работењето на друштвото;
- Ги предлага за именување на Одборот на Директори лицата со посебни овластувања и одговорности (раководните лица) и одлучува за нивната одговорност, според утврдената внатрешна организација на друштвото;
- Назначува други раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото во согласност со одлуките и насоките и неговите налози;
- Го обезбедува водењето на трговските книги и другата сметководствена документација;
- Утврдува потреба и одлучува за распоредување на работниците во процесот на работата;
- Одлучува за барање на работниците за користење платено и неплатено отсуство;

- Одлучува за ангажирање на надворешни лица и други надворешни извршители според потребата на друштвото;
- Дава упатства и налози на вработените во врска со работата;
- Го организира пописот на основните средства;
- Непосредно изрекува мерки на работниците за кршење на работниот ред и непочитување на работната дисциплина;
- Одлучува и по други прашања во врска со работниот однос на работниците согласно Законот, колективниот договор и други акти на друштвото;
- Врши и други работи утврдени со овој Изјава за основање и кои ќе му ги довери Одборот на директори;

Правата и обврските на секој извршен директор покрај правата и обврските определени со овој Изјава за основање се определуваат со договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршниот директор.

Во името на ДООЕЛ друштво, договорот го склучуваат неизвршните членови на Одборот на директори а го потпишува Претседателот на Одборот на Директори.

**Член 28**

Извршните членови на Одборот на директори го застапуваат ДООЕЛ друштво во односите со трети лица и се одговорни за работењето на ДООЕЛ друштво.

Со исклучок на овластувањата што законот изрично му ги дава на Собир на содружниците на ДООЕЛ друштво како и овлатувањата кои на посебен начин се резервирани за Одборот на директори, извршните членови на Одборот на директори имаат најшироки овластувања во рамките на своите надлежности да дејствуваат во сите околности во име на друштвото.

**Член 29**

Извршните членови на Одборот на директори најмалку еднаш на три месеци им поднесуваат на неизвршните членови писмен извештај за работењето на ДООЕЛ друштво.

Извршните членови на Одборот на директори по истекот на деловната година,согласно Законот, поднесуваат до неизвршните членови нацрт на годишната сметка и годишен извештај за работењето на ДООЕЛ друштво.

На барање на неизвршните членови на Одборот на директори, извршните членови се должни да подготвуваат и други видови на извештаи кои од нив ке се побараат.

**Член 30**

Извршниот член на Одборот на директори може во било кое време да биде разрешен од страна на неизвршните членови со мнозинството гласови со или без образложение.

**Член 31**

Неизвршниот член на Одборот на директори може во било кое време да биде разрешен од страна на органот или лицата кои го избрале, по истата постапка по која бил избран.

## VIII.ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРОКУРА

**Член 32**

Во правниот промет со трети лица ДООЕЛ друштво го застапуваат извршните членови на Одборот на директори.

Органот на на управување со одлука за давање прокура може да даде прокура на едно или повеке физички лица.

Прокуристот не може да оттуѓи или оптовари недвижност, да превземе правни дејствија со кои се започнува стечајна постапка или пак дејствија на престанок на работа на ДООЕЛ друштво.

Од името на Одборот на директори на ДООЕЛ друштво, Претседателот на Одборот на директори, на прокуристот ќе му даде овластување на посебен вид на полномошно.

Прокурата може да се отповика во секое време.

## IX. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И СУБЈЕКТИВИТЕТ НА ДООЕЛ ДРУШТВО

**Член 33**

ДООЕЛ друштво се оснива на неопределено време.

ДООЕЛ друштво престанува кога ќе настапи било која причина утврдена со закон, како и кога Собир на содружницито ке донесе одлука за престанок на ДООЕЛ друштво.

Одлуката за престанок на ДООЕЛ друштво ја донесува Собир на содружницито на ДООЕЛ друштво со мнозинство од 2/3 од вкупниот број на удел со право на глас.

## X. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 34**

Под деловна тајна во ДООЕЛ друштво се сметаат сите исправи, документи, податоцивррзани за работењето на ДООЕЛ друштво или за работењето на вработените во ДООЕЛ друштво чие соопштување на трети лица би било спротивно на интересите на ДООЕЛ друштво.

Под деловна тајна се сметаат посебните исправи и податоци од истражувачки , конструкторски,производен, технолошки, комерцијален, финансиски карактер, како и технички податоци и имотно – правната документација на друштвото.

Органот на управување донесува општ акт во кој се дефинира што е деловна тајна, а покрај наведеното се одредува начинот и постапката на заштита на актите и информациите кои имаат карактер на деловна тајна и сите други факти битни за тајноста на податоците на ДООЕЛ друштво.

**Член 35**

Обврската за чување на деловна тајна се однесува на сите акционери, без разлика на бројот и видот на уделте со кои располагаат, членовите на органите на управување, сите вработени, како и на сите други лица кои имале во даден момент можност да бидат во контакт со исправите што се сметаат за деловна тајна.

Ако лицата од ст. 1 на овој член ја прекршат обврската за чување на деловна тајна, против нив ќе се покрене постапка за нДООЕЛомест на штета.

Ако лицето кое ја прекршило обврската за чување на деловна тајна се наоѓа во работен однос при ДООЕЛ друштво, наведената повреда претставува основ за престанок на работниот однос.

Обврската за чување деловна тајна останува 3 (5) години по престанокот на работниот однос во ДООЕЛ друштво.

## XI УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ РЕЗУЛТАТ И РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА

**Член 36**

Деловниот резултат се утврдува со Билансот на успех на крајот од деловната година.

Акционерите во согласност со деловниот резултат имаат право на дел од годишната добивка на ДООЕЛ друштво што Собир на содружницито ќе ја утврди за распределбата.
Висината на дивидендата Собир на содружницито ја утврдува врз основ на остварените резултати.
Акционерите имаат право на добивка во согласност со бројот на удел кои ги поседуваат.

**Член 37**

За работењето на ДООЕЛ друштво се водат деловни книги согласно законските прописи.
За остварените резултати се составуваат пресметки согласно со Законот за сметководство.
Врз основа на годишните пресметки се врши распределба на добивката и дивидендата.
ДООЕЛ друштво има задолжителна општа резерва, како општ резервен фонд кој е формиран со издвојување од нето добивката.
Задолжителната резерва изнесува 15 % од добивката.
Издвојувањата за задолжителна резерва согласно со став 5 од овој член се вршат се додека резервите на ДООЕЛ друштво не достигнат износ кој е еднаков на 1/5 од основната главнина.
Ако така определената резерва се намали, се дополнува на на ист начин.
Општата резерва може да се употребува за покривање на загубата.

**Член 38**

Собир на содружницито на ДООЕЛ друштво одлучува за тоа кој дел од добивката ќе се додели на работниците врз основа на нивното учество со тековниот труд во остварувањето на истата, кој дел ќе се реинвестира или ќе се распореди во резерви на ДООЕЛ друштво.

**Член 39**

Висината на дивидендата се утврдува годишно со годишна пресметка и ја утврдува Собир на содружницито на ДООЕЛ друштво.

**Член 40**

Исплатата на добивката се врши на име на последниот сопственик на удел.

**Член 41**

Загубите на ДООЕЛ друштво се покриваат од средствата што за таа намена можат да се користат согласно позитивните законски прописи.

## XII IИНФОРМИРАЊЕ

**Член 42**

Органите на ДООЕЛ друштво се должни да обезбедат редовно, навремено, вистинито и целосно информирање на акционерите и работниците и тоа за целокупното работење на ДООЕЛ друштво.

**Член 43**

Информирањето за работењето на ДООЕЛ друштво ќе се врши преку:

- Огласна табла;
- Синдикат;
- Увид и копирање на акти и документи ;
- Други форми на информирање за кои ќе одлучува Одборот на Директори.

За извршените објави преку огласна табла во рамките на ДООЕЛ друштво се води посебна книга за евиденција во која се внесува актот што се објавува, денот на објава и денот на симнување на актот од огласна табла.

Книгата од претходниот став се води според начелата на архивско работење и истата ја контролира извршниот директор.

## XIII ОПШТИ АКТИ НА ДООЕЛ ДРУШТВО

**Член 44**

Внатрешните односи на акционерите во ДООЕЛ друштво се уредуваат со овој Изјава за основање и другите акти на друштвото.
Општите акти на ДООЕЛ друштво мораат да бидат во согласност со овој Изјава за основање.

**Член 45**

Општите акти на ДООЕЛ друштво ги донесува Одборот на директори.

Општите акти влегуваат во сила 8-миот ден од денот на објавувањето на огласната табла на ДООЕЛ друштво.

**Член 46**

Изјава за основањеот на ДООЕЛ друштво го донесува Собир на содружницито на друштвото.

Одлуката за измени на Изјава за основањеот на ДООЕЛ друштвоја донесува Собир на содружникот.

Утврдената предлог – одлука за измена на Изјава за основањеот мора да биде образложена.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 47**

До донесувањето на општите акти кои ДООЕЛ друштво е обврзано да ги има, ке се применуваат одредбите од постојните акти доколку не се во спротивност со овој Изјава за основање.

За се што не е регулирано со овој Изјава за основање, ке се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва.

**Член 48**

Овој пречистен текст на Изјава за основањеот влегува во сила и ке се применува од денот на донесувањето на одлуката за негово усвојување.

Одбор на Директори
Претседател

10/12/2020Ристо Новаковски
РЕСЕН

*Согласно член 383 , 507- од Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08,42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), како и согласно член 19 од Статутот на Друштвото Агроплод АД Ресен (во понатамошниот текст - Друштвото), Собранието на Друштвото на седницата одржана на ден ___________/2020 година ја донесе следната*

# ПРЕДЛОГ

# ОДЛУКА

За преобразба на друштвото од Акционерско Друштво во Друштво со ограничена одговорност едно лице

**Член 1**

Се усвојува Одлуката за преобразба на Акционерското друштво за производство, преработка и промет, Агроплод АД Ресен со П.О. во Трговско друштво за производство, трговија и услуги , извоз увоз Агроплод ДООЕЛ Ресен коешто друштво продолжува да работи под оваа форма со универзална сукцесија на сите права и обврски на начин и под услови под кои е запишано во трговскиот регистар.

Фирмата на друштвото кое се преобразува гласи:

1. Акционерското друштво за производство, преработка и промет, Агроплод АД Ресен со П.О.

Се преобразува во:

2. Трговско друштво за производство, трговија и услуги , извоз увоз Агроплод ДООЕЛ Ресен.

Со што со оваа Одлука се менува Статутот на друштвото во Изјава за основање, и секаде каде што во

3. актот за основање стои Статут се менува во ИЗЈАВА.
4. Во сите членови во Статутот Акционерско Друштво се менува во ДООЕЛ.
5. Во сите членови Собрание на акционери се менува во основачот.
6. Друштвото ТПТУИУ Агроплод ДООЕЛ по извршената преобразба продолжува да работи на истото седиште ул. 29 Ноември бр. 6 Ресен , со матичен број ------------------, и даночен број ----------------------------------------------.
7. Одлуката за усвојување на годишната сметка на друштвото за 2020 год. заклучно со ----------------- , со извештајот на овластениот ревизор усвоени се со денот на одлучувањето за преобразба на друштвото и се составен дел на оваа Одлука.
8. Се задолжува Извршниот Директор да поднесе пријава за упис на измените во Централниот регистар или да овласти лице со цел упис на предметните измени пред надлежните регистри.
9. Извршниот Директор во рок од 8 дена од уписот на преобразбата во трговскиот регистар му дава налог на Централниот депозитар за хартии од вредност да ја затвори акционерската книга.

**Член 2**

Акциите во друштвото се искажуваат во противредност во удел и акционерот Трговско друштво за трговија производство и услуги на големо и мало Свисслион ДОО увоз извоз со ИД бр. 05229782 , број на сметка 1003005525 , со седиште на ул. Јадранска Магистрала бр. 127 , Визбегово , Бутел Скопје, Северна Македонија ги презема вредносно акциите во удел во друштвото во иста противредност 100 % од оснивачкиот капитал во друштвото.

Акционерот изјавува дека се согласува и го превзема во идентичен износ вредноста на акциите во удел во друштвото сразмерно на номиналната вредност со Изјава за преземање на удел заверена на Нотар , а друштвото му издава потврда за стекнатиот удел во преобразеното друштво од книгата на удели.

Друштвото со уписот на преобразбата продолжува да работи како друштво во формата во која се преобразило.

**Член 3**

Сопственикот на влогот искажан во притовредност на уделот има има право на добивката од Друштвото искажана со годишната завршна сметка.

Добивката се исплаќа со Одлука на крајот од деловната година.

На сопствениците на влогот нема да се исплати добивка за оние деловни години во кои Друштвото нема да оствари добивка.

Висината на уделот се утврдува во проценти од номиналната вредност на обичната влогот.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука е Изјавата од Акционерот за преземање на удел во номинален износ од вредноста на акции , и акционерот сега станува единствен содружник, акциите преминуваат во влог во друштвото а врз основа на истиот влог содружникот стекнува удел врз основа на изјава за преземање на удел заверена пред нотар во противредност на номиналниот износ на акциите на денот на уписот, на друштвото со ограничена одговорност едно лице.

**Член 6**

Уделот ќе биде евидентиран во тековната состојба на друштвото, а акционерската книга ќе биде затворена од страна на ЦДХВ 8 дена по извршениот упис на измените во централниот регистар.

**Член 7**

Располагањето со уделот се врши на начин утврден со законските и подзаконските прописи.

**Член 8**

Органот на управување на друштвото се состои од 5 члена , начинот, работата и организација е регулирана во изјавата за основање на друштвото.

**Член 9**

Сопственикот на влогот носат ризик од работењето на Друштвото до висината на средствата вложени во основната главнина на Друштвото.

**Член 10**

Оваа Одлука има карактер на одлука за измена на Статутот. И се менуваат следните членови:
Во насловот АД се менува со ДООЕЛ, Насловот се менува во ИЗЈАВА ЗА ОСНОВАЊЕ, во чл. Називот Акционерско друштво се менува во ДООЕЛ, чл. 2 АД се менува во ДООЕЛ, чл. 3 АД се менува ДООЕЛ, Собрание на акционери во Содружник, Статутот во Изјава, чл. 4 АД се менува во ДООЕЛ и називот се менува Агроплод АД Ресен во Агроплод ДООЕЛ Ресен, чл. 6-72 АД се менува во ДООЕЛ, Статут во Изјава за основање акционер во содружник, дивиденда во добивка, Собрание на акционери во Собир на содружник, главата за свикување на акционерско собрание се брише. Соодветно се менуваат и насловите.
Чл. 12,14, 18, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 69, се брише.
Се додава нов член 12 кој гласи:
Намалување и зголемување на основна главнина се врши согласно ЗТД.
Чл. 17 станува чл. 12 и соодветно се менувааат наредните членови.
Во чл. 16 се додава ст. 1 состав, права обврски на членови на ОД е согласно ЗТД 342-373-а.
СЕ ОВЛАСТУВА И СЕ ЗАДОЛЖУВА Одборот на Директори да изготви пречистен текст на актот за основање на друштвото и преименување во Изјава за основање.
СЕ ОВЛАСТУВА И СЕ ЗАДОЛЖУВА ЗА АГРОПЛОД ДООЕЛ Ресен, Одборот на Директор да го изготви и да го потпише пречистениот текст на актот за основање (Изјава).

**Член 11**

СЕ ОВЛАСТУВА И СЕ ЗАДОЛЖУВА лицето Томе Петковски , со ЕМБГ 1712978414013 и л.к. бр. А2159356 со адреса на живеење на ул. Никола Карев бр. 55 Ресен, извршен член на Одбор на директори на Друштвото АГРОПЛОД АД Ресен да ја потпише и да поднесе пријава, како и да го спроведе уписот на оваа Одлука во Централниот регистар на РМ или да овласти стручно лице агент или адвокат со цел спроведување на измените во Централниот регистар на РСМ, Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 12**

Составен дел на оваа одлука е завршната сметка и ревизорскиот извештај односно извештајот на овалстеиот ревизор согласно чл. 510 ст. 5 од ЗТД.

Агроплод АД Ресен
Бр. -------------
Дата: ------------------

Собрание на акционери
Претседавач

**ЈАВЕНПОВИК**

За свикување на Собрание на акционери на Агроплод АД Ресен за ден 10/12/2020 год.

Се свикува Годишно Собрание на акционери на акционерското друштвото Агроплод АД Ресен за ден 10/12/2020 год. со почеток во 11.00 часот, во седиштето на друштвото.

1. ***РАБОТЕН ДЕЛ***

2. **РАБОТЕН ДЕЛ**

1) Разгледување и усвојување на годишната сметка заедно со извештајот од овластениот ревизор согласно чл. 510 ст. 5 од ЗТД
2) Одлука за преобразба на друштвото од АД во ДООЕЛ
3) Одлука за измена на Статутот на друштвото во Изјава за основање
4) Одлука за именување на лице за поднесување на пријавата за упис
5) Усвојување на известување согласно чл. 510 ст. 6 од ЗТД
6) Разно

*Собранието одлучува само за прашањата утврдени со дневниот ред. Вклучувањето на нови точки во дневниот ред се врши по писмен пат до Одборот на Директори на начин утврден во чл. 390 од Законот за трговските друштва. Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки на дневниот ред ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување во дневниот ред или ако предложат одлука по Барањето за вклучување на една или повеќе точки на дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до Одборот на Директори на друштвото во рок од 8 дена од денот кога е испратена поканата , односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието на друштвото.*

*Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на друштвото. Друштвото преку свој овластен орган или застапник е должно да одговорина прашањата што му ги поставуваат акционерите. Друштвото кое согласно законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување е должно одговорите на поставените прашања на седница на собранието на друштвото да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.*

*Акционерите на Собрание може да присуствуваат лично или може да именуваат полномошник. Именувањето на полномошникот се врши со писмено полномошно во законски пропишана постапка.*

*Акционерите или нивните полномошници можат да учествуваат на седница на собрание и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да ги пријавиле пред одржување на собранието до друштвото, како и да поседуваат документ за лична идентификација и потврда од Централниот депозитар за хартии од вредност за бројот на акциите што ги претставуваат.*

*Пријавувањето на седница на собранието може да се врши лично или со писмено известување а за полномошниците да се приложи и полномошно заверено кај нотар. Пријавите се доставуваат до Агроплод АД Ресен ул. 29 Ноември бр. 6 Ресен служба за правни работи.*

*Акционерите можат да поставуваат прашања за точките на дневниот ред и за истите да добиваат одговор во постапка предвидена согласно ЗТД.*

*Материјалите за седницата на Собранието на друштвото се достапни за акционерите од денот на објавувањето на овој повик во архивата на друштвото секој работен ден од 08.00 часот до 16.00 часот, а додека на поголемите акционери ќе им бидат пратени по пошта со препорачана пратка.*

***Член 2***

*Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.*

*Да се објави јавниот повик согласно ЗТД во дневните печатени медиумии на страницата на друштвото www.agroplod.mk .*

*Агроплод АД Ресен*
*Бр.*
*Дата--/__/2020год.*

*Одбор на Директори*
*Претседател,*
*Ристо Новаковски*